# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНОТО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

## ВО ОПШТИНА КОЧАНИ за 2012 година

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA mobilitas
...towards common values!

ECE

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНОТО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ОПШТИНА КОЧАНИ ЗА 2012 ГОДИНА

**Вовед**

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ – ЕСЕ во партнерство со Општина Кочани спроведува програма во Општината со цел за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје на населението.

Како дел од програмските активности беше формирана Работна група, во која влегоа претставници од локалната самоуправа, ЈЗУ Општа болница - Кочани, ЈЗУ Здравствен дом – Кочани, ЈЗУ Центар за јавно здравје – Кочани, како и претставници од локалните граѓански организации и тоа Здружение на граѓани „Европско Кочани“ и Здружение на граѓани ЦККЕР „Светла иднина“. Целта на работната група беше да ги идентификува сферите на загриженост и проблемите во општината во однос на сексуалното и репродуктивно здравје и да подготви Локален акционен план за нивно надминување.

По подготовката на Локалниот акционен план, истиот ќе биде поднесен до Градоначалникот и Советот на Општина Кочани за негово усвојување.

Како дел од програмските активности беше подготвена и Ситуациона анализа, во која ќе бидат прикажани податоците во однос на сексуалното и репродуктивно здравје, здравствените услуги поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје во Општина Кочани, наодите од истражувањето за сексуално и репродуктивно здравје помеѓу населението кое Здружение ЕСЕ го спроведе во тек на 2009/2010 година, како и идентификуваните проблеми од страна на Работната група.



Подготвката на овој план, односно спроведените активности се реалзираа во рамки на програмата CIVICA MOBILITAS имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC.

**СИТУАЦИОНА АНАЛИЗА ПО ОДНОС**

**НА СЕКСУАЛНОТО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ ВО ОПШТИНА КОЧАНИ**

## 1. Демографски податоци

Општина Кочани се наоѓа во Југоисточниот регион на Р. Македонија и брои 38.092 жители[1]. По однос на етничката структура на населението во Општината Кочани живеат (1): 35.472 Македонци, 1.951 Роми, 315 Турци и 354 припадници на останати етнички групи. По однос на половата структура на населението во Општината 50,4% се мажи, додека 49,6% се жени. Бројот на население на возраст над 15 години изнесува 31.568 жители, додека бројот на жени во репродуктивен период изнесува 9.828 жени.



## 2. Здравствена заштита во однос на репродуктивното здравје

### 2.1. Примарна здравствена заштита

Согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ за 2008 и 2009 година[2], превентивните тимови од Здравствените домови во Р. Македонија се должни да спроведат здравствено - воспитни предавања за деца од училишна возраст и адолесценти, меѓу кои и на

[1] Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, книга XIII
[2] Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2008 и 2009, Службен весник бр. 146/2007 и Службен весник бр. 3/2009

теми од областа на сексуалното и репродуктивното здравје. Во 2008 година се одржале 65 предавања до месец јуни и биле опфатени вкупно 3300 деца. Во 2009 година од страна на превентивните тимови нема одржано вакви предавања.

Според Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ (2), Заводот за здравствена заштита на мајки и деца е должен да подготвува здравствено – воспитни материјали и да ги дистрибуира преку Здравствените домови. Во Здравствен дом – Кочани во 2008 и 2009 година Заводот за здравствена заштита на мајки и деца нема дистрибуирано никаков вид на здравствено – воспитни материјали до Здравствен дом – Кочани.

Во однос на антенаталната здравствена заштита, односно здравствената заштита за време на бременост, во 2008 и 2009 година во Општина Кочани сите бремени жени се соодветно следени од страна на гинеколог за време на бременоста и породувањето.

Во однос на патронажната здравствена заштита, патронажната посета во Здравствен дом – Кочани е со закон обврзана од 2005 година. Во 2008 година со патронажни посети се опфатени 824 семејства, од кои во нив се посетени 303 родилки, а вкупно се опфатени 1097 жени во репродуктивен период. Во 2009 година со патронажни посети се опфатени вкупно 981 семејства, во кои се посетени 317 родилки, а опфатени се 1252 жени во репродуктивен период.



Во Општина Кочани во рамките на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Кочани работи советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје, каде што луѓето можат да се обратат за информации и советување.

### 2.2. Секундарна здравствена заштита

Во рамките на Општата болница - Кочани, функционира одделението за Гинекологија и акушерство. Во 2008 година на одделението за Гинекологија и акушерство биле остварени 201 гинеколошки здравствени услуги и 284 породувања. Во 2009 година биле остварени 187 гинеколошки здравствени услуги и 390 породувања. Во 2008 година ниту едно раѓање не било завршено со царски рез, додека во 2009 година 11 породувања завршиле со царски рез, односно 2,8% од вкупниот број на породувања.

Во Општина Кочани нема мамограм во Јавните здравствени установи, има еден мамограм во Приватна здравствена установа, која нема потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување.

## 3. Наоди од истражувањето за сексуално и репродуктивно здравје

Здружение ЕСЕ во периодот 2009-2010 година спроведе национално истражување за состојбите поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје на населението во Р. Македонија. Со ова истражување беше опфатена и Општината Кочани, како и дел од руралните општини кои гравитираат кон Кочани. Во овој дел ќе бидат прикажани наодите од истражувањето помеѓу жените од Кочани, како и од руралната населба Чешиново, која е најблиска рурална населба до Кочани, опфатена со истражувањето.

### 3.1. Наоди од истражувањето помеѓу женската популација во репродуктивниот период

**Сексуално однесување и користење на заштита и контрацепција**

Во однос на просечната возраст на започнување со сексуални односи во Општина Кочани изнесува 18,1 години, додека во Чешиново изнесува 17,5 години. При првиот сексуален однос жените од општина Кочани во 62,5% не користеле никаква заштита, додека 20,8% од нив користеле кондом. Додека кај жените од Чешиново во 97% изјавиле дека не користеле никаква заштита при првиот сексуален однос.



При последниот сексуален однос 16,7% од жените од општина Кочани користеле кондом, 4,2% користеле контрацепциони пилули, додека 70,8% од жените не користеле никаква заштита. Во Чешиново, при последниот сексуален однос 100% од жените не користеле никаква заштита.

Во однос на тоа колку често користат кондом при сексуалните односи, 8,3% од жените од Кочани користеле кондом при секој сексуален однос, 41,7% користеле понекогаш, 8% користеле кондом многу ретко, додека 37,5% никогаш не користеле кондом. Жените во Чешиново во 27,3% користеле кондом повремено, 18% користеле многу ретко, додека 54,5% од жените никогаш не користеле кондом.

Како основни причини односно пречки кои влијаат да жените не користат контрацепција, жените од градот Кочани ги наведуваат следните: 7,4% од жените изјавиле дека партнерот не сакал да користат контрацепција; 15% поради страв од штетни последици по здравјето; додека 48% од жените кои не користеле контрацепција воопшто не наведуваат причини поради некористењето. Жените од Чешиново како главни причини за

некористење на контрацепција ги наведуваат следните: поради страв од можни штетни последици по здравјето кај 7% од жените; бидејќи се комплицирани за употреба кај 7% од жените; додека 69% од жените наведуваат дека немале никакви пречки за користење на контрацепција.

Наодите од истражувањето покажаа дека жените немаат доволни знаења поврзани со методите и средствата за контрацепција и планирање на семејството. Во однос на ефикасноста на поедини современи средства за контрацепција во заштитата од бременост жените ги дадоа следните одговори: дека хормонските пилули ефикасно штитат од несакана бременост мислат 29,6% од жените од Кочани и 7% од жените од Чешиново; дека интраутерината спирала ефикасно штити од несакана бременост мислат 37% од жените од Кочани и 15,4% од жените од Чешиново; за дијафрагмата како ефикасно средство за заштита од несакана бременост сметаат 15% од жените од Кочани и 7% од жените од Чешиново; за кондомот како ефикасно средство за заштита од несакана бременост сметаат 52% од жените во Кочани и 54% од жените од Чешиново.

Иако немаат доволни познавања по однос на контрацепцијата, испитаничките сепак во недоволна мерка ја препознаваат потребата од дополнителни информации по однос на контрацепцијата, така да 26% од жените од Кочани изјавиле дека им се потребни дополнителни информации во однос на контрацепцијата, додека истото го изјавиле 31% од жените од Чешиново.

**Планирање на семејството**



Во однос на просечните години на возраст при склопување на прв брак, кај жените од Кочани изнесува 21,5 години, додека кај жените од Чешиново изнесува 20,5 години.

Просечните години на возраст при раѓање на првото дете кај жените од Тетово изнесува 22,4 години, додека кај руралните жени изнесува 21,4 години.

По однос на планирањето на семејството и раѓањето на децата може да се забележи дека кај мнозинството од жените првото дете било посакувано и планирано, односно кај 73% од жените во Кочани и кај 70% од жените од Чешиново.

**Здравствена заштита за време на бременоста и породувањето**

Во однос на здравствената заштита за време на бременоста, може да се забележи дека мнозинството на бремености во Кочани и Чешиново биле соодветно контролирани од страна на гинеколог, бидејќи сите испитанички при првата бременост биле на три или повеќе контроли кај гинеколог.

Според изјавите на испитаничките, тие се просечно задоволни од квалитетот на здравствените услуги кои ги добиле за време на бременоста и при породувањето, иако кај жените од Чешиново се забележува понизок степен на задоволство отколку помеѓу жените од Кочани.

**Абортус**

Во однос на стапката на направени абортуси помеѓу жените, 22,2% од жените од Кочани изјавиле дека направиле најмалку еден абортус, додека 23,1% од жените од Чешиново го потврдиле истото. Само една жена изјави дека направила два абортуса, сите останати жени изјавија дека направиле само еден абортус.

Во однос на тоа каде го направиле абортусот, сите жени од Кочани и Чешиново изјавија дека абортусот го направиле во Јавна здравствена установа.

**Превентивни прегледи**

Во однос на редовните превентивни гинеколошки прегледи, може да се заклучи дека мнозинството на жени од Кочани одат на редовни годишни гинеколошки прегледи, додека само 15% од нив не одат редовно или воопшто не одат на гинеколог. Кај жените од Чешиново состојбата со превентивните гинеколошки прегледи е загрижувачки бидејќи 46,2% од жените многу ретко одат на гинеколог, а 15,4% никогаш не биле на гинеколог. Како најчеста причина за нередовно посетување на гинеколог жените го наведуваат фактот дека немаат гинеколошки проблеми, што значи значителен процент од жените се јавуваат на гинеколог само кога имаат гинеколошки проблеми. Кај жените од Чешиново главна пречка за редовно посетување на гинеколог е немањето на доволно време, бидејќи повеќето од овие жени се занимаваат со земјоделски работи. Иако редовно не се обраќаат на гинеколог, мнозинството од жените испитанички знаат дека редовните гинеколошки прегледи со ПАП брис можат да придонесат за навремено откривање и излекување на карциномот на матката.



Во однос на изборот на матичен гинеколог, 93% од жените од Кочани изјавиле дека имаат избрано матичен гинеколог, додека 77% од жените од Чешиново имаат избрано матичен гинеколог. Жените во просек се задоволни од услугите добиени кај својот матичен гинеколог.

## 4. Сфери на загриженост

Работната група во Општина Кочани ги дефинираше следните проблеми и сфери на загриженост во однос на сексуалното и репродуктивно здравје на населението во Општина Кочани.

4.1. Зголемен процент на појава на сексуално преносливи инфекции помеѓу младите лица.

Како главни фактори кои водат до појавата на овој проблем беа наведени следните:

- Ниска стапка на користење на заштита при сексуални односи помеѓу младите лица во Општина Кочани;
- Нема доволно едукации за сексуално и репродуктивно здравје помеѓу младите во општината, како и во самите училишта;
- Постои конзервативно традиционално однесување во однос на овие теми поради што постои срам за отворен разговор за користење на кондоми помеѓу родители и деца, помеѓу партнерите, а воедно постои и срам за купување на кондоми;
- Младите немаат доволно финансиски средства за редовно да купуваат кондоми.

4.2. Откривање на карциномот на дојката и карциномот на грлото на матката во доцна фаза

Како главни фактори кои водат до појавата на овој проблем беа наведени следните:

- Недоволно изведување на самопреглед на дојка од страна на жените во општина Кочани, поради тоа што жените не се доволно едуцирани;

- Ниска здравствена свесност помеѓу жените во однос на превенцијата и раното откривање на овие заболувања, поради недоволната едукација на жените;

- Нередовно јавување на превентивен гинеколошки преглед со ПАП тест од страна на жените во Општина Кочани, поради ограничениот број на бесплатни ПАП тестови во текот на годината;

4.3. Помала стапка на користење на гинеколошки здравствени услуги од страна на руралните жени и жените Ромки.

Како главни фактори кои водат до појавата на овој проблем беа наведени следните:

- Нема доволна здравствена свесност помеѓу ова население за потребата од редовна превентивна гинеколошка здравствена заштита;
- Намалената финансиска моќ влијае кај руралните жени влијае да не можат редовно да посетуваат гинеколог, поради тоа што треба да платат за превоз;

- Традицијата во овие средини води до појава на срам за редовна посета на гинеколог;

4.4. Недоволна здравствена свесност за здрави животни навики кај жените за време на бременоста

Како главни фактори кои водат до појавата на овој проблем беа наведени следните:

- Недоволна информираност за здрави животни навики поради тоа што нема советувалиште ниту едукации за трудници;
- Нередовно посетување на гинеколог за совети и информации;

**ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНОТО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ОПШТИНА КОЧАНИ**

**ЗА 2012 ГОДИНА**

**Вовед**

Врз основа на идентификуваните проблеми работната група утврди општи, посебни и специфични цели за надминување на утврдените проблеми поврзани со сексуалното и репродуктивно здравје на населението. По утврдувањето на целите за секоја од специфичните цели беа идентификувани низа на активности за нивно остварување. Целите и активностите на Локалниот акционен план се дадени во продолжение.

**Општа цел**

Унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на населението во Општина Кочани



Посебните цели, специфичните цели и активностите кои се однесуваат на нивно остварување се прикажани во следната табела

**I. Посебна цел: Зголемена стапка на користење на заштита при сексуалните односи од страна на младите лица во Општина Кочани**

- **Специфична цел 1: Кај 80% од младите лица во општина Кочани подигната свеста за унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје**
- **Специфична цел 2: 20% од родителите на младите луѓе едуцирани за теми од областа на сексуално и репродуктивно здравје и отворен разговор родители-деца**
- **Специфична цел 3: Зголемување на достапноста на средства за заштита до младите луѓе**

| | Задача/Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Индикатор |
|---|---|---|---|---|
| I.1. | Подготовка на програма за едукација на млади лица и програма за едукација на родители | Општа болница, Локална самоуправа, Здравствен дом | Јануари – Февруари 2012 | - Подготвена програма за едукација на млади лица<br>- Подготвена програма за едукација на родители |
| I.2. | Одржување на едукација на претставници од локалните граѓански организации (ГО) за унапредување на сексуално и репродуктивно здравје | Општа болница, Локална самоуправа, Здравствен дом | Февруари 2012 | - Одржана една едукација за претставници од три локални граѓански организации |
| I.3. | Одржување на едукации за Сексуално и репродуктивно здравје, со посебен осврт на користење на заштита при сексуални односи:<br>- во 5 Основни училишта во 7мо и 8мо одделение,<br>- во 2 средни училишта | Општа болница, Локална самоуправа, Здравствен дом | Јануари – Мај<br>Септември – Декември 2012 | - Одржани работилници во основни училишта: 2 работилници годишно во секое одделение - 30 одделенија = 60 работилници во 2012<br>- одржани работилници во средни училишта: 60 одделенија – 2 едукации по одделение годишно = 120 едукации во 2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I.4. | Подготовка на едукативен материјал – брошура за Сексуално и репродуктивно здравје, печатење во 2.000 примероци и дистрибуција преку: едукативни активности, патронажни сестри, Граѓански организации | Локалната самоуправа, Здравствен дом, Клиничка болница, ГО | Јануари – Март 2012 | - Подготвен едукативен материјал и испечатен во 2.000 примероци |
| I.5. | Едукација на родителите за користење заштита при сексуални односи и за отворен разговор родители – деца, од страна на патронажните сестри (тековно) и граѓанските организации преку одржување на 10 едукативни настани | Локалната самоуправа, Здравствен дом, ГО | Јануари – Декември 2012 | - Одржани 10 едукации за родители |
| I.6. | Едукација на млади луѓе вон образовен систем од страна на патронажните сестри и Граѓанските организации преку одржување на 5 едукативни настани | Локална самоуправа, Здравствен дом, ГО | Јануари – Декември 2012 | - 80 млади луѓе вон образовен систем едуцирани од страна на патронажните сестри и граѓанските организации |
| I.7. | Медиумски настани за едукација:<br><br>- Гостување на медицински лица на локалните телевизии на теми од Сексуалното и репродуктивно здравје – 12 медиумски гостувања годишно (1 гостување месечно) | Локална самоуправа, Здравствен дом, Клиничка болница | Јануари – Декември 2012 | - Одржани 12 медиумски настани за едукација за сексуално и репродуктивно здравје |
| I.8. | Обезбедување на 2500 кондоми и нивна дистрибуција на едукативните настани и преку граѓанските организации | Локална самоуправа, ГО | Јануари – Декември 2012 | - Набавени и дистрибуирани 2500 кондоми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **II. Посебна цел: Унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје помеѓу ромското население во Општина Кочани**<br>- **Специфична цел: Подигање на свеста на ромското население за користење на контрацепција и безбедни сексуални односи** | | | | |
| II.1. | Подготовка на прирачник за едукација | Локална самоуправа, Општа болница, Здравствен дом | Јануари – Февруари 2012 | - Подготвен прирачник за едукација |
| II.2. | Одржување на едукација на членовите на граѓанските организации за едукација за користење на контрацепција и безбедни сексуални односи | Локална самоуправа, Општа болница, Здравствен дом | Јануари – Февруари 2012 | - Одржана една едукација за претставници од три граѓански организации |
| II.3. | Одржување на 6 едукативни настани во Ромски средини | Локална самоуправа, ГО | Јануари – Декември 2012 | - Одржани 6 едукации во ромски средини |
| **III. Посебна цел: Откривање на карциномите на дојка и грло на матка во рана фаза кај жените во Општина Кочани**<br>- **Едукација на 20% од жените во репродуктивен период за изведување на самопреглед на дојка**<br>- **Едукација на 20% од жените над 20 години за потребата од редовен ПАП тест** | | | | |
| III.1. | Подготовка на програма за едукација за самопреглед на дојка и значење на ПАП тест | Општа болница, Локална самоуправа | Јануари – Февруари 2012 | - Подготвена програма за едукација |
| III.2. | Одржување на едукација на претставници на Граѓанските организации за држење на едукација за самопреглед на дојка и значење на ПАП тест | Општа болница, Локална самоуправа | Февруари 2012 | - Одржана една едукација за претставници на три локални граѓански организации |



Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
CIVICA mobilitas
...towards common values!
ECE

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| III.3. | Одржување на едукативни настани за самопреглед на дојка и значење на ПАП тест:<br>- Во рурални средини: 8 села х 2 едукации = 16 едукации<br>- Во град Кочани – 16 едукации<br>Спроведени од страна на лекари и патронажни сестри | Локална самоуправа, Општа болница, Здравствен дом, ГО | Јануари – Декември 2012 | - одржани 16 едукации во рурални средини<br>- Одржани 16 едукации во градот Кочани |
| III.4. | Подготовка на едукативен материјал – брошура за самопреглед на дојка и за значење на ПАП тест и печатење во 2.000 примероци | Локална самоуправа, Општа болница | Јануари – Март 2012 | - Подготвен едукативен материјал,<br>- Едукативниот материјал испечатен во 2.000 примероци |
| | **IV. Посебна цел: Унапредување на здравјето на трудниците и новороденчињата во Општина Кочани**<br>- **Специфична цел: Едукација на жените за здрави животни навики и потреба од редовни контроли кај гинеколог при бременост** | | | |
| IV.1. | Отворање на советувалиште за трудници | Локална самоуправа, Општа болница | Јануари – Март 2012 | - Отворено советувалиште за трудници |
| IV.2. | Работа на советувалиштето за трудници во термин еднаш неделно | Општа болница, Локална самоуправа | Април – Декември 2012 | - Советувалиштето е отворено во термин од најмалку еднаш неделно<br>- Број на клиенти кои го посетуваат советувалиштето |
| IV.3. | Промоција на советувалиште:<br>- Подготовка и печатење на 500 флаери<br>- Подготовка и печатење на 20 постери<br>- Медиумска промоција | Општа болница, Локална самоуправа, НВОи | Март – Декември 2012 | - Подготвени, испечатени и дистрибуирани 500 промотивни флаери,<br>- Подготвени, испечатени и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | дистрибуирани 20 промотивни постери<br>- Одржани минимум 3 медиумски настани за промоција на советувалиштето |
| **V. Посебна цел: Унапредување на репродуктивното здравје на жените од планинските рурални средини во Општина Кочани**<br>- **Специфична цел: Приближување на гинеколошката здравствена заштита до жените од планинските рурални средини на Општина Кочани** | | | | |
| V.1. | Идентификација на жени кои имаат потреба од гинеколошка здравствена заштита – 3 пати x 2 села = 6 пати | НВОи, Локална самоуправа | Април, Мај, Септември 2012 | - Број на идентификувани жени |
| V.2. | Контактирање и информирање на матичните гинеколози за жените кои немаат матичен гинеколог | Локална самоуправа | Јануари – Март 2012 | - Испратени писма до матичните гинеколози<br>- Одржани состаноци со матичните гинеколози |
| V.3. | Обезбедување на превоз за жените за гинеколошки преглед – 3 превоза x 2 села = 6 превоза | Локална самоуправа | Април, Мај, Септември 2012 | - Број на жени кои го користат превозот |
| **VI. Посебна цел: Унапредување на репродуктивното здравје на жените од планинските рурални средини и жените Ромки во Општина Кочани**<br>- **Специфична цел: Подигната свеста за потребата од редовна посета на гинеколог кај жените Ромки и жените од руралните средини** | | | | |
| VI.1. | Подготовка на прирачник за едукација | Локална самоуправа, Општа болница, Здравствен дом | Јануари – Февруари 2012 | - Подготвен прирачник за едукација |
| VI.2. | Едукација на членови од локалните Граѓански | Локална самоуправа, Општа болница, | Февруари – Март | - Едуцирани членови од 3 граѓански |



Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
CIVICA mobilitas
ECE

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | организации | Здравствен дом | 2012 | организации на локално ниво |
| VI.3. | Едукативни настани:<br><br>- Ромски средини – 6 едукации,<br><br>- рурални средини – 2 села х 2 едукации = 4 едукации годишно | Локална самоуправа, ГО | Март – Декември 2012 | - Одржани 6 едукации во ромски средини<br><br>- Одржани 4 едукации во рурални средини |
| | **VII. Посебна цел: Унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје помеѓу младите во Општина Кочани**<br>**- Специфична цел: Воведување на сексуално образование како редовен предмет во основни училишта (Општина Кочани - пилот проект)** | | | |
| | Јавна трибина за потребата од воведување на сексуално образование во основните училишта | Локална самоуправа, ЕСЕ | Јануари – Март 2012 | 1 одржана трибина |
| | Подготовка на документ за поднесување на иницијатива за воведување на сексуално образование во Општина Кочани како пилот проект до Министерството за образование (МО) | Локална самоуправа, ЕСЕ | Март – Април 2012 | Подготвен документ |
| | Поднесување на иницијативата до МО | Локална самоуправа | Мај 2012 | Иницијативата и документот поднесен до МО |

**АНЕКС 1**

**Членови на работната група кои учествуваа во подготовката на Локалниот акционен план**

| **Име и презиме** | **Институција/организација** |
|---|---|
| Д-р Благица Ѓурковиќ | ЈЗУ Центар за јавно здравје - Кочани |
| Весна Ќурчинска | Здружение на граѓани ЦККЕР „Светла иднина“ |
| Жаклина Георгиева | Здружение на граѓани „Европско Кочани“ |
| Ивана Зашева | Општина Кочани |
| Д-р Лолита Божинова | ЈЗУ Општа болница - Кочани |
| Марија Георгиева | Општина Кочани |
| Олга Ѓорѓиева | ЈЗУ Здравствен дом - Кочани |
| Сашко Трајчев | Здружение на граѓани „Европско Кочани“ |
| Снежана Хаџи Паунова | Совет на Општина Кочани |
| Фацилитатор: Борјан Павловски - Здружение ЕСЕ | |



Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа www.cira.org.mk
Schweizerische Eidgenossenschaft Confédération suisse Confederazione Svizzera Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
CIVICA mobilitas
ЕСЕ

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНОТО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

**ВО ОПШТИНА КОЧАНИ за 2012 година**

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA mobilitas
...towards common values!

ECE